**ЈАВЕН ПОВИК**
**за доделување финансиска поддршка за реализација на**
**„Меѓународен фолклорен фестивал 2026“**
**25-26-27 август**

Општина Крива Паланка, врз основа на Програмата за култура и културни манифестации за 2026 година, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.13/25 и 4/26) објавува Јавен повик за доделување финансиска поддршка за избор на организатор за реализација на **„Меѓународен фолклорен фестивал 2026“** кој ќе се одржи на **25.08.2026 година, 26.08.2026 година и 27.08.2026 година**

## I. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Предмет на овој Јавен повик е избор на правно лице – организатор кој ќе обезбеди целосна организација и реализација на **„Меѓународен фолклорен фестивал 2026“,** како настан од значење за културниот развој, зачувување на традицијата и меѓународна афирмација на Општина Крива Паланка.

Вкупните средства од Општина Крива Паланка за Јавниот повик за финансиска поддршка за реализација на манифестацијата од **„Меѓународен фолклорен фестивал 2026“** изнесуваат **650.000,00 денари.**

## II. НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА

Избраниот организатор е должен да обезбеди целосна реализација на фестивалот, која вклучува:

- подготовка, организација и реализација на целокупната фестивалска програма, вклучително протоколарен дел (свечено отворање), дефиле на учесниците, сценски настапи по програма и завршна церемонија;
- обезбедување учество на домашни и странски фолклорни ансамбли;
- организација и покривање на трошоци за превоз на учесниците;
- обезбедување сместување за учесниците;
- обезбедување храна и освежување за учесниците за време на престојот;
- координација на сите организациски и логистички активности;
- организациски активности поврзани со фестивалот, вклучително и различни форми на симболично одбележување на учеството на учесниците.

Избраниот организатор е одговорен за целокупната комуникација, поканување и координација со домашните и странските фолклорни ансамбли.

Општина Крива Паланка може да обезбеди поддршка во насока на воспоставување контакти и испраќање покани до потенцијални учесници.

Конечната организациска координација со учесниците е во надлежност на избраниот организатор.

## III. ОБВРСКИ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Општина Крива Паланка ќе обезбеди:

- техничка поддршка (бина, озвучување, сценско осветлување и сл.);
- користење на јавен простор за одржување на настанот;



☎ +389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

INTERCERT CERTIFIED ISO 9001

- промоција на настанот (медиумска покриеност, социјални мрежи, ПР активности и сл.);

- воспоставување на контакти за обезбедување учество на домашни и странски фолклорни ансамбли;

- останата поддршка во рамки на своите надлежности.

Овие активности не се предмет на финансиско покривање од средствата за реализација на фестивалот и не треба да бидат опфатени во финансискиот план на пријавата на апликантот.

## IV. ПРАВО НА УЧЕСТВО

На повикот можат да се пријават сите регистрирани здруженија, организации и правни субјекти што делуваат во полето на културата, уметноста и фолклорот и се со седиште на територијата на Општина Крива Паланка а имаат соодветно искуство во организација на културни манифестации, особено фолклорни фестивали.

Право на учество имаат и здруженија **кои имаат добиено финансиска поддршка** по Јавен повик за прибирање идеи и програмски активности во областа на културата и се дел од Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2026 година.

## V. ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Заинтересираните апликанти се должни да достават:

- пополнет Формулар за пријава, кој содржи опис и програма на фестивалот, како и финансиски план (буџет) за реализација, достапен на веб-страницата на Општина Крива Паланка;
- програма на фестивалот,
- доказ за регистрација како здружение, организација или правно лице од областа на културата, уметноста или фолклорот (копија од тековна состојба);
- референци и/или докази за претходно реализирани настани од областа на културата и/или фолклорот.
- биографија на стручните лица кои ќе бидат ангажирани во реализација на фестивалот

## VI. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР

| Бр. | Критериум | Максимум поени |
|---|---|---|
| 1 | Квалитет, содржина и издржаност на програмата | 30 |
| 2 | Број, структура и квалитет на учесниците | 20 |
| 3 | Искуство и капацитет на апликантот | 20 |
| 4 | Реалност и оправданост на финансискиот план | 15 |
| 5 | Културно-афирмативен и меѓународен ефект на фестивалот | 15 |

Оценувањето на пријавите го врши Комисија формирана со Решение од Градоначалникот на Општина Крива Паланка.

Секој критериум се оценува поединечно со доделување поени до максималниот износ утврден во табелата. Вкупниот број поени претставува збир од поените по сите критериуми.

Комисијата изготвува ранг-листа на пријавите според освоениот вкупен број поени.

Врз основа на предлогот на Комисијата, Градоначалникот на Општина Крива Паланка донесува Решение за избор на највисоко рангираниот апликант, со кој Општина Крива Паланка ќе склучи договор за реализација на фестивалот.

За да биде земена во предвид за избор, пријавата мора да освои **најмалку 65 поени од вкупно 100 поени.**

Во случај на еднаков број поени, предност има апликантот со повисок број поени по критериум 1.

## VII. НАЧИН И РОК НА ПРИЈАВУВАЊЕ

Пријавите се доставуваат во затворен плик во Архивата на Општина Крива Паланка, со назнака: „За Јавен повик за организација на Меѓународен фолклорен фестивал – не отворај"

Рокот за доставување на пријавите е **7(седум) работни дена** од денот на објавување на Јавниот повик.

Материјалите доставени со пријавите на Јавниот повик не се враќаат.

Пријавите доставени по завршување на рокот на траење на Јавниот повик нема да бидат разгледувани.

Општина Крива Паланка го задржува правото, доколку оцени дека е потребно, да донесе одлука за продолжување на рокот за пријавување по овој Јавен повик.

Продолжувањето на рокот ќе биде објавено на ист начин како и Јавниот повик, на веб-страницата на Општина Крива Паланка.

## VIII. НАЧИН НА ИЗБОР

Изборот на организатор ќе го изврши Комисија формирана од Градоначалникот на Општина Крива Паланка за овој Јавен повик.

Комисијата ќе изготви ранг листа, врз основа на која Градоначалникот за прворангираниот (со најмногу освоени бодови) ќе донесе Решение за избор на организатор.

## IX. ДОГОВОР И РЕАЛИЗАЦИЈА

Со избраниот апликант ќе се склучи договор со кој ќе се уредат меѓусебните права и обврски.

Организаторот е должен да го реализира настанот согласно одобрената програма и финансиски план, како и да достави финансиски и наративен извештај по завршување на фестивалот но не подоцна од 31.12.2026 година.

## X. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Општина Крива Паланка го задржува правото да не избере апликант доколку ниту една од доставените пријави не ги исполнува условите на Јавниот повик.

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА